Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2021, до 23.9.2020 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фондацијата: Фондација Отворено општество - Македонија

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 4030999370170

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул. Чедомир Миндеровиќ број 31, општина Центар

Застапник: Фани Каранфилова-Пановска, Извршна директорка

Веб страница: www.fosm.mk

Електронска пошта (e-mail): fosm@fosm.mk, fani.karanfilova@fosm.mk

Телефонски број за контакт: 072/244-859

Лице за контакт: Надица Стамболциоска, асистентка на извршната директорка

## Предлог- иницијатива
## за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија
## за 2021 година

**Наслов на иницијативата: Функционална правна држава**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија) **Влеговме во НАТО, можеме и во ЕУ**

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија) **Функционална правна држава**

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје) **Владеење на правото - Правосудство**

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

**Јавно обвинителство**

Јавните обвинителства во Северна Македонија низ годините се соочуваат со недостаток на јавни обвинители што е забележано и во последниот извештај за напредок на Европската Комисија. Јавното обвинителство функционира со недоволна персонална екипираност односно 20% помалку јавни обвинители, а функционира со 31% помалку јавнообвинителски службеници во споредба со бројот на систематизирани позиции.

Од започнување на примената на ЗКП во 2013 до 2019 година, не е формиран ниеден истражен центар. Отсуството на истражни центри беше идентификувано како проблем во Стратегијата за реформи на правосудниот систем 2018 – 2022 каде нивното формирањето беше предвидено како посебна стратешка насока. Стратегијата предвиде воспоставување на најмалку 2 функционални истражни центри во декември 2018. Овој рок не беше запазен и процесот на формирање на овие истражни центри се уште е во зародиш. Во текот на 2019 година се преземени одредени дејствија и обезбедена е ЕУ подддршка преку твининг проект.

Со исклучок на 2018 година, во периодот од 2016 до 2020 буџетот на јавното обвинителство е во пораст. Во анализираниот период, буџетот за плати изнесува 50- 60% од вкупните расходи, околу 30% се трошат за стоки и услуги, додека процентот на одобрени средства за капитални инвестиции варира помеѓу 4-5%. Годишните извештаи за материјално-финансиската состојба во јавното обвинителство немаат подетални информации во однос на алоцирање на средствата. Последните податоци на CEPEJ укажуваат дека јавните обвинители работат со помала ефикасност (1,4 предмети), за разлика од европскиот просек на CEPEJ кој изнесува 3,1.

| Приоритет/цел | Активност | Надлежен орган на државната управа |
|---|---|---|
| Подобрување на институционалната ефикасност и ефективност | Со Буџетот на РСМ за 2021 година да се обезбедат средства за вработување на јавнообвинителски службеници согласно предвидената систематизација. Само на ваков начин може да се обезбеди непречено функционирање на Јавното обвинителство и доколку Владата има волја за непречена и неселктивна борба против организираниот криминал, неопходно е зголемување на буџетот на јавното обвинителство и обезбедување на средства за нови јавнообвинителски службеници и јавни обвинители. | Министерство за правда<br>Министерство за финасии<br>Влада на РСМ<br>Собрание на РСМ |
| | Со Буџетот на РСМ за 2021 година да се предвидат средства за формирање на најмалку 3 јавнообвинителски истражни центри. | Министерство за правда<br>Министерство за финасии<br>Влада на РСМ<br>Собрание на РСМ |
| | Со Буџетот за 2021 година да се предвиди зголемен процент на средства и за капитални инвестиции (7-8%) и за стоки и услуги. | Министерство за правда<br>Министерство за финасии<br>Влада на РСМ<br>Собрание на РСМ |

| | | |
|---|---|---|
| | Воспоставување на јасни критериуми (во законски или подзаконски акт) за мерење на ефикасноста на работата на јавните обвинители и поставување прецизни насоки и препораки за приближување на ефикасноста кон европскиот просек. Да се воспостави и систем на континуирани интердисциплинарни обуки со практични вежби на сите јавни обвинители. | Министерство за правда |

**Судство**

Согласно измените на Законот за судски буџет од 2010 (Сл.Весник на РМ бр.145/2010), делот на средствата од Буџетот предвидени за функционирање на судската власт треба да изнесува најмалку 0,8% од бруто домашниот производ а во согласност со критериумите утврдени од Судскиот буџетски совет врз основа на фискалната политика и главните параметри за процена на приходите и трошоците. Иако оваа одредба претставува законско заокружување на независноста на судската власт, за жал во изминатите 10 години сè уште не е имплементирана[1].

Согласно систематизацијата на судиски места донесена од Судскиот совет на РСМ на ниво на судска власт постои потреба од 636 судии. Со состојба од 31.12.2018 година пополнети се 499 судиски места ( број на активни судии, без судиите на кои им мирува судиската функција по разни основи). Процентот на пополнетост на судиските места изнесува 78,46 %.[2]

На ниво на судска власт судовите имаат систематизирано 4.486 работни места за судската служба од кои со состојба од 31.12.2019 година пополнетоста е 2.269 лица. Процентот на пополнетост на слободните систематизирани работни места изнесува 50,58 %.[3] Бројот на систематизирани работни места во Судски совет на РСМ и Академија за судии и јавни обвинители изнесува 98, а пополнети се 53, односно 54,08 %.[4]

Блупринт групата на граѓански организации за реформи во правосудството алармираше за недостатокот на правен механизам за поништување на мерките и правните последици од процесот на лустрација.[5] Токму затоа беше побарано уште во јануари оваа година, пред самораспуштањето на Собранието, Предлог-законот за ништовност и поништување на правните последици од лустрацијата да биде донесен. Согласно Стратегијата за реформи на правосудниот сектор, овој Закон требаше да биде подготвен и усвоен уште во декември 2017 година, но истиот сè уште не е донесен. Правните последици од процесот на лустрацијаcè уште остануваат во сила и не се преземени никакви мерки за рехабилитација на жртвите од лустрацијата.

[1] Извештај за реализација на судски буџет 2019 http://www.vsrm.mk/wps/wcm/connect/ssrm/5ce5c3d4-4ac9-4bb5-b173-fe18038130c2/Izvestaj+2019.pdf?MOD=AJPERES&CACHEID=ROOTWORKSPACE.Z18_L8CC1J41L0B520APQFKICD0CR4-5ce5c3d4-4ac9-4bb5-b173-fe18038130c2-k-Ym5Wm
[2] Ibid
[3] Ibid
[4] Ibid
[5] https://fosm.mk/current-project/bluprint-grupa-zakonot-za-ponishtuvane-na-lustraczijata-treba-da-bide-donesen-pred-da-se-raspushti-sobranieto/

| Приоритет/цел | Активност | Надлежен орган на државната управа |
|---|---|---|
| Подобрување на човековите ресурси | Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година да се предвидат буџетски средства за судската власт согласно Законот за судски буџет и тој износ да биде најмалку 0,8% од бруто домашниот производ. Само со доследно почитување и имплементација на законските норми ќе се обезбеди независно судство. | Министерство за правда<br>Министерство за финасии<br>Влада на РСМ<br>Собрание на РСМ |
| | Зголемен буџет за судската власт ќе овозможи кадровска и техничка доекипираност на судовите. Со пополнување на слободните систематизирани работни места во судската администрација ќе се создадат услови за непречена работа на судовите а со тоа и тргање на секакви изговори дека судовите не можат да работат заради техничи и кадровски недостатоци. За таа цел, со буџетите за 2021, 2022 и 2023 година постепено да се овозможат средства за нови вработувања во судската администрација согласно постоечката Систематизација како и носење на План и Програма за проценка на постојната состојба на човечките ресурси во правосудниот сектор и насоки за управување во оваа област на долг рок. | Министерство за правда<br>Министерство за финасии<br>Влада на РСМ<br>Собрание на РСМ |
| Унапредување на човековите права | Подготовка на Закон за ништовност и поништување на правните последици од лустрацијата. | Министерство за правда<br>Влада на РСМ<br>Собрание на РСМ |

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

Независно судство и јавно обвинителство со зајакнати човечки и технички капацитети за непречено фунционирање и овозможмување на правда и владеење на правото.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Потребни се средства од Буџетот на РСМ за 2021 година.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

„Анализа на капацитетите и ресурсите на јавното обвинителство во Република Северна Македонија" од Блупринт група за реформи во правосудството https://fosm.mk/wp-content/uploads/2020/03/resursi-i-kapacziteti-na-jo-2020.pdf

„Анализа на спроведувањето на Стратегијата за реформи на правосудниот сектор (2017-2022) за периодот 2018/19 година од Блупринт група за реформи во правосудството https://fosm.mk/wp-content/uploads/2019/09/Analiza-na-sproveduvanjeto-na-Strategijata-za-reforma-na-pravosudniot-sektor-2017-2022.pdf

23.09.2020 година

ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО-МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *

М.П.

Потпис на застапникот

Фани Каранфилова-Пановска,
извршна директорка